ЕСЕН 2008 ◻ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

**Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија**

Следејќи ја двегодишната успешна работа во спроведувањето на проектот: ***“Зелен Пакет: Образование за одржлив развој во основните училишта во Македонија“*** и неговиот развој во национално адаптиран мултимедијален пакет за потребите на Македонија како земја и наставниците во нејзините основни училишта, Зелениот Пакет беше конечно промовиран пред целокупната македонска јавност.

Проектот беше спроведуван во периодот од мај 2006 - септември 2008 год. со значаен придонес на Австриската Влада преку Аврстиската Соработка за Развој (ADA). Директни целни групи на проектот се: ученици (од 10-15 години), наставници од петто до деветто одделение, индиректна целна група се: семејствата на 25.000 ученици опфатени со проектот. Крајни корисници на проектот се: Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Зелениот Пакет е првично но не и единствено наменет за основните училишта во Европа, односно за наставниците и нивните ученици. Како иновативен пристап кон образованието за одржлив развој, пакетот вклучува разновидни едукативни материјали - прирачник за наставници со планови за лекции и наставно ливче, ДВД колекција од 32 филма, интерактивен ЦД-РОМ со обемни информации за 22 теми од животната средина и “дилема игри“. Користејќи ги ресурсите од Зелениот Пакет, наставниците можат да го користат образованието за одржлив развој во скоро секој предмет во наставниот план и програма како што се биологија, географија, хемија, природни науки и граѓанско образование.

ПРОМОЦИЈА НА ЗЕЛЕН ПАКЕТ ВО МАКЕДОНИЈА *стр.* **3**

СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ *стр.* **5**

ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЈИЕ - SECTOR II КРУГ НА ГРАНТОВИ *стр.* **8**

НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА *стр.* **10**

ДАТАБАЗА ЗА СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНИТЕ *стр.* **11**

# ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ПО БИОЛОГИЈА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА

Во рамките на проектот "Зелен Пакет" - еколошко образование за одржлив развој за основните училишта во Република Македонија", заврши третата и последна фаза од спроведувањето на проектот, фазата на одржување на обуки за наставнивите од основните училишта во Земјата.

За таа цел беше обучена посебна група на обучувачи во која учествуваа советници од Бирото за развој на образованието, наставници од основни и средни училишта и претставници на Граѓански здруженија. Обуките се одржаа во периодот од 20-27 август 2008 год. и тие имаа за цел да им објаснат на наставниците како да го користат Зелениот пакет, кој според новата наставна програма на Бирото за развој на образованието е препорачан за употреба во сите училишта со почетокот на учебната 2008-2009 година, првенствено во изборниот наставен предмет во шесто одделение, Воспитание за околината, како и предметите биологија, географија, хемија, физика, природни науки и граѓанско воспитание. Работата се одвиваше во работни групи поделени според компонентите на Зелениот пакет: ЦД-РОМ, ДВД и прирачник за наставници. Обуките се организираа во соработка со Бирото за развој на образованието на Република Македонија. На обуките присуствуваа 230 наставници кои на крајот од дводневната обука добија бесплатни примероци од Зелениот Пакет за нивните училишта, централни и подрачни, на македонски и албански јазик, во зависност од јазичната застапеност на наставата. На обуките присуствуваа советници од Бирото за развој на образованието како и претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија а од особена важност за обуките беше и присуството на Министерот за животна средина и просторно планирање г. Нецати Јакупи кој се сретна со наставниците и обучувачите, ја следеше нивната интерактивна работа и разговараше за самиот пакет и нивното мислење за самите обуки како и за нивните идни потреби во овој аспект.



Од обуката одржана во Охрид

Зелениот Пакет во Македонија е исто така посебен поради тоа што за разлика од другите земји за прв пат кај нас се изработува и Зелен Пакет за децата со посебни потреби, односно за децата со оштетен вид. Прирачникот за наставници е испечатен со браево писмо и направен е и аудио запис за потребите на оваа целна група.

На оние училишта кои немаа свои претставници на обуките, исто така им следуваат бесплатни примероци од Зелениот Пакет. Тие можат да се подигнат во Канцеларијата на РЕЦ секој работен ден од 8 до 16 часот.

За сите дополнителни информации во врска со проектот можете да се обратите во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија или во Канцеларијата за комуникација со јавност при Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Издава:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:**
Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**

The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel. +36 26 504 000;Fax. +36 36 311 294 e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел: 02 3090 135, 3090 136
Факс: 02 3088 193
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ПРОМОЦИЈА НА ЗЕЛЕН ПАКЕТ ВО МАКЕДОНИЈА (СЕМЕЈСТВОТО НА ЗЕЛЕН ПАКЕТ И ПОСАКА ДОБРЕДОЈДЕ НА МАКЕДОНИЈА)

Зелениот Пакет во Македонија е уникатен поради повеќе причини. Тој не само што за прв пат е отпечатен двојазично - на македонски и албански јазик, а со тоа ги има како целна група и децата кои учат на албански јазик во Македонија, туку и за прв пат е адаптиран и за потребите за децата со посебни потреби, односно за децата со оштетен вид. Прирачникот за наставници е отпечатен со Брајово писмо а исто така и аудио запис беше изготвен за потребите на оваа целна група.

Промоцијата беше организирана во два одделни настани - дневен и ноќен промотивен настан. Дневната промоција беше одржана на еден многу убав и сончев есенски ден во главниот град на Плоштадот "Македонија", на 8ми октомври 2008 год., со посебна детска програма. Тоа беше настан слободен за учество и училиштата беа поканети да земат учество. Млад водител познат во јавноста беше ангажиран да го води на настанот. Ученици од основното училиште "Гоце Делчев" од Скопје изведоа претстава "Зелениот пакет во училницата" специјално напишана за оваа пригода. Децата и останатите граѓани имаа можност да ги слушнат најмладите учесници - детскиот хор "Поточиња" со нивната специјална изведба на неколку песнички за животната средина. Некои од учениците учествуваа во наградна игра и за нивното активно учество добија награди - дипломи од Зелен Пакет и посебни маички специјално изработени со овој проект со логото на Зелениот Пакет. ЦД-РОМ от од Зелениот Пакет беше дистрибуиран за сите граѓани. Промотивниот настан заврши со песни и пораки упатени до младите и децата за важноста на животната средина и нејзината заштита. Многу печатени и електронски медиуми го најавија настанот во Скопје, нагласувајќи ги напорите на РЕЦ и двете Министерства во насока на образование за одржлив развој во Македонија.



Промоција на "Зелен Пакет"

Вечерниот промотивен настан беше одржан во Скопје на 2ри октомври 2008 год. Домаќинот на Промоцијата Канцеларија на РЕЦ во Македонија со срдечно добредојде ги пречека високите гости - Министерот за животна средина и просторно планирање др. Нецати Јакупи, Заменик Министерката за образование и наука г.ѓа. Линдита Ќазими, Неговата Екселенција Амбасадорот на Република Австрија во Македонија др. Alois Kraut и Извршниот Директор на РЕЦ г.ѓа Marta Szigeti Bonifert. Ценетите гости одржаа говор пред останатите гости со изразување на нивната благодарност и чест да го презентираат Зелениот Пакет пред јавноста и заедно да ја прослават промоцијата на истиот пред македонската јавност.

*"Зелениот Пакет ќе ги збогати наставните методи и наставната програма со иновативни наставни материјали. Тој ги доближува прашањата од животната средина поблиску до учениците преку интересните филмови, игри и лекции"* - рече Австрискиот Амбасадор.

Говорниците го изразија нивното воодушевување и благодарност дека ваков иновативен пакет е изработен и воведен во Македонија. *"Свеста и навиките се градат од мали нозе а Канцеларијата на РЕЦ и Министерството за животна средина и просторно планирање ги здружија своите сили во изготвувањето на една ваква едукативна програма за заштита на животната средина и одржлив развој со која ќе бидат опфатени ученици од петто до осмо одделение и ќе биде спроведувана во сите основни училишта во Македонија"* - подвлече Министерот за животна средина и прсторно планирање др. Нецати Јакупи.

Заменичката Министер за образование и наука ја потенцираше важноста од воведувањето на пакетот во сите основни училишта во Македонија со што ќе им се овозможи на наставниците да користат по иновативен начин на предавање и исто така подвлече дека Зелениот Пакет ќе помогне во подобрување на условите за работа во сите основни училишта што пак е од голема важност исто така за подобрување и усовршување на наставниот процес.

Извршниот директор на РЕЦ г.ѓа Marta Szigeti Bonifert им се обрати на пристуните во името на РЕЦ и и посака добредојде на Македонија во семејството на Зелен Пакет. *“Како меѓународна организација со мисија за решавање на проблемите со животната средина ние веруваме дека допирајќи до идните генерации и зголемувајќи ја нивната свест за проблемите со животната средина и можните решенија е од клучна важност“*. Таа исто така ја изрази благодарноста за сите експерти и наставници кои беа вклучени во подготвувањето на пакетот како и сите партнери и донатори.



г-ѓа Marta Szegeti Bonifert-извршен директор на РЕЦ, им се обрати на присутните

На крајот од официјалната промоција г.ѓа Корнелија Радовановиќ одржа краен говор и покрај многуте важни прашања таа нагласи дека *“во процесот на изработка на Зелениот Пакет во Македонија посебен акцент беше даден не само на убавините и огромното богатство на ресурси, но исто така како да се однесуваат разумно кон зачувување на Планетата земја која ја наследивме од претходните генерации, каде ние, нашите деца и идните генерации сеуште треба да живееме и да уживаме во нејзините убавини.“*

По официјалната презентација гостите имаа можност да уживаат во коктел забавата, каде се сретнаа со експертите и тимот на Зелениот Пакет кои го овозможија сето ова и заедно со тимот на РЕЦ ветија дека Зелениот Пакет ќе доживее многу успешни денови и дека ќе стане омилен за секое дете кое подоцна ќе ги пренесе пораките и научените лекции на нивните родители и идни пријатели на животната средина.

## ПРОЕКТ ЗАШТИТА НА СТРОГИОТ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ ЕЗЕРАНИ

На крајот на јули 2008г. проектниот тим на РЕЦ ја спроведе планираната анкета во 10 населени места на територијата на строго заштитениот природен резерват Езерани. Тимот ги посети следните населени места: Шурленци, Волкодери, Рајца, Долно Перово, Дрмени, Езерани, Асамати, Грнчари, Покрвеник и Прељубје. Анкетата имаше за цел да оствари увид во демографските и социо-економските карактеристики на овие населени места, како и да ги разбере причините за негативните перцепции на локалното население во однос на строгата заштита на резерватот.

Спроведувањето на анкетата беше овозможено со помош на општината и канцеларијата на УНДП во Ресен. Во овој период беше направена и средба со градоначалникот Бузлевски, кој силно ги поддржа активностите на УНДП во регионот со цел спроведување на заштитата на ова Рамзарско место.

Анкетата се одвиваше добро и наиде на соодветен прием кај локалното население. И покрај тоа што не беше можно веднаш да се процесираат одговорите статистички, веднаш се наметнаа повеќе заклучоци за тоа на каков начин ќе треба да се пристапи кон утврдувањето на режимите на заштита на локалитетот и неговото идно зонирање. основен проблем ќе биде конфликтот помеѓу целите на заштитата и одгледувањето на јаболка со интензивно користење на агрохемиски препарати и ѓубрива. Покрај социо-економските проблеми што ќе треба претпазливо да се вградат во идните напори за заштита на подрачјето, исто така ќе треба да се предвидат соодветни компензациони мерки. Овој пристап ќе биде подетално утврден во следните фази на проектот.

## СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ (ЕМАГ)

Советодавната група за животна средина и мониторинг- ЕМАГ го одржа дванаесеттиот квартален состанок за проектот Скопска Обиколница- фаза 2.Групата ги разработува прашањата кои произлегуваат за време на мониторингот на животната средина на изградбата на обиколницата

Советодавната група за животна средина и мониторинг за Скопската Обиколница (ЕМАГ) го одржа својот дванаесетти квартален состанок и инспекција на терен во периодот од 4-5 септември, 2008 год. ЕМАГ го проценува спроведувањето и ефикасноста на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и мониторингот од изградбата на западната секција од проектот Скопска Обиколница Фаза 2, финансиран од Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБРД). Како што е наведено во договорот за заем на Фондот за Магистрални и Регионални Патишта (ФМРП) и ЕБРД, овие мерки мора да бидат применети од Изведувачот на градежните работи ТЕРНА и Надзорот ГИМ, како барање на нивниот договор со ФМРП. ЕМАГ беше формирана во 2005 год. Од страна на Министерството за транспорт и врски (МТВ). ЕМАГ ги претставува локалните заедници по должина на обиколницата НВО од областа на животната средина и владините институции, МТВ и ФМРП. ТЕРНА и ГИМ се исто така поканети да учествуваат на состаноците на ЕМАГ како набљудувачи, но и да даваат одговори на прашањата кои произлегуваат за време на работата на групата. За време на последните состаноци и посета на терен, подолу споменатите прашања беа дискутирани во соработка со ТЕРНА, ГИМ и ФМРП.



Дел од обиколницата

Статус на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и мониторинг на спроведувањето на Планот за управување со животната средина за време на изградбата на обиколницата. Во средината на јули 2008 год. Комисијата за технички прием изврши инспекција и технички прием за обиколницата по што тој дел од обиколницата е пуштен за сообраќај, со исклучок на патиштата од Стенковец на исток каде што завршува првата фаза од обиколницата, кој е сеуште во изградба. Македонија пат и официјално има одговорност за управување и одржување на патот.

Сите звучни ѕидови и контрола на ерозија, маслофаќачи и мали подземни премини (тунели) за мали животни се поставени. Секако, поголем дел од проектите за ревегетација сеуште не се успешни. Поголем дел од засадената трева може да ја добие својата зелена боја дури во ноември. Меѓутоа, бројното садење на дрва кое било направено во периодот од мај - јуни може да не биде успешно, бидејќи дрвата би можеле да се исушат до следната сезона. Дополнително, на некои од областите се направени дополнителни градежни активности од процесот на засадување и на тие делови ќе треба да се изврши повторно садење. Новото засадување ќе треба да се реализира само во ноември со цел да се овозможи соодветни услови за преживување на растенијата. Исто така на некои области од заштитната ограда има места на кои има пропусти, така да оградата бидејќи не е поставена соодветно доаѓа до навалување на мрежата на самата земја. ТЕРНА има 2 годишен период на гаранција за време на кој период тие ќе имаат можност да за ги решат повеќето од проблемите со ревегетацијата.

Постојат континуирани поплаки од страна на ЕМАГ претставниците од трите села во врска со одводнувањето на трасата во деловите кои се во непосредна близина на овие села. Вијадуктите кај с. Орман и с. Волково се одводнуваат директно на површината која е веднаш по истите а е во рамките на стандардниот дизајн. Дополнително, постои канал кој е насочен со својот пат на истекување под самиот вијадукт Орман, односно локалниот пат Орман-Волково.

Одводнувањето на насипот кој е дополнување на одводнувањето на вијадуктот предизвикува создавање на кал за време и по дождливи периоди и во такви услови е многу тешко да се користи патот. Можни решенија беа дискутирани од страна на ЕМАГ, вклучително и поврзувањето на одводот на вијадуктот кое е лоцирано директно над локалниот пат и поврзување на тоа одводнување со она на вијадуктот, кое би истекувало странично под патот од било која страна. Претставникот на Кондово потенцираше дека одводнувањето во каналот во Кондово е поддржано за промена на насоката. За овие прашања беа известени ФМРП, МТВ и ЕБРД.

Изготвување на Планот за управување со животната средина и Планот за управување со загадувањето од инциденти за оперативниот период: Финалните драфт документи за оперативниот период - Планот за управување со животната средина (ОПУЖС) и Планот за управување со загадување од инциденти (ОПУИЗ) се подготвени. Истите се дистрибуирани до членовите на ЕМАГ за финален преглед и коментари и се достапни на ФМРП и ГИМ за вклучување во Планот за управување и одржување на обиколницата кој ТЕРНА ќе го подготви за ФМРП. Ревидираниот ОПУЖС содржи проширена табела која ги претставува мерките за намалување на влијанието врз животната средина во оперативниот период како и мерките за набљудување на спроведувањето и ефикасноста на мерките за намалување на влијанието врз животната средина. Табелата идентификува што ќе биде наменето за набљудување, од кого, каде и на кој начин, како и тоа како следните активности зависат од податоците од набљудувањето. ФМРП или оној кој ќе биде задожен од нивна страна за одржување на патот, ќе биде одговорен за спроведување на поголем дел од мерките за намалување на влијанието или набљудувањето за време на оперативниот период од обиколницата.



Поглед на долниот дел на патот

Ревидираниот ОПУИЗ содржи: (1) анализа на некои делови од македонското законодавство поврзано со итен одговор на инциденти при тренспорт вклучувајќи и опасни материи; (2) водич за одговор во случај на инциденти со опасни материи на обиколницата, вклучувајќи и референца за директориум за специфични процедури за одговор за хемикалии кои се меѓународно користени; и (3) препорачан пристап и содржина за долгорочен план за итен одговор при инциденти на патната мрежа во Македонија. Според скорешниот донесен закон ФМРП е преименуван во Агенција за државни патишта и му е дадена одговорност за управување со националните патишта, изградба, управување, одржување и заштита, што исто така вклучува одговорности за подготвување и спроведување на планови за одговор во случај на инциденти на патиштата од било кој тип.

Повеќе информации за ЕМАГ: ЕМАГ се состанува секои 3 месеци во Канцеларијата на Регионалниот центар за заштита на животната средина (РЕЦ) на ул. "Илинденска" 118, Скопје. Состаноците кои се отворени за јавност, ќе бидат најавувани 2 недели однапред на веб страна на РЕЦ: www.rec.org.mk. Веб страната содржи комплетни записници од кварталните состаноци на ЕМАГ и резултати од посетите на терен. Дополнително веб страната на РЕЦ ги содржи табелата со акции која во детали ги прикажува прашањата сумирани од записниците како и други прашања дискутирани за време на состаноците и инспекцијата на терен. За повеќе информации Ве молиме контактирајте ја Канцеларијата на РЕЦ во Македонија на
тел: 02/ 3090-135, 3090-136 или факс: 02/ 3088-193.

Лице за контакт:
**Марина Орцанова**
*Технички секретар*
marina@rec.org.mk

## ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА- SECTOR ПРОГРАМА III КРУГ НА НАЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ

Успешната соработка помеѓу РЕЦ и граѓанскиот сектор продолжува и понатаму, како дел од третиот круг на национални грантови во рамките на SECTOR програмата. Оваа програма се реалзира со поддршка на Шведската Агенција за меѓународен развој и соработка (Сида). Третиот и последен повик за ГЗ беше објавен на ден 01 август 2008 г. Секако ние досега информиравме дека оваа грант програма идентификува и поддржува национални проекти иницирани од ГЗ во насока на промовирање на урбаната одржливост во Република Македонија. Крајниот рок за пријавување на концепт документите беше 1 октомври 2008 год, а фондот на расположливи средства за последниот повик е 70,000 ЕУР. По доставување на концепт документите ќе следи процесот на нивно оценување од страна на Локалниот советодавен одбор на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, што е стандардна процедура и врз основа на веќе утврдени услови и критериуми ќе бидат избрани ГЗ односно концепт документи, од кои ќе биде побарано да изготват целосен предлог проект кој понатаму повторно ќе биде оценуван за финално одобрување за финансирање.

Повеќе информации за овие национални грантови можете да добиете во нашата канцеларија како и на веб страната на РЕЦ: www.rec.org.mk.

## РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Иако летниот период за повеќето значи малку одмор и релаксација општините корисники на ЛЕАП проектот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија имаа полни раце работа во периодот јули-август-септември. Тие заедно со своите работни групи вредно и со многу труд работеа на собирање на податоците за состојбата со животната средина во нивните општини. Овој процес како дел од развивањето на ЛЕАП документ е особено важен како за проектот така и за секоја општина. Овие податоци и информации тие ги внесуваат во базата на податоци за состојбата со животната средина во сите медиуми популарно нарекувана како дата база.

Досега веќе пишувавме за оваа дата база која исто така ја изработи РЕЦ за потребите пред се на Министерството за животна средина и просторно планирање, но секако и за самите општини.

Општините имаа доста потешкотии во наоѓање на податоците и информациите бидејќи тие се наоѓаат во различни институции а некои од нив и воопшто ги нема. Пополнувањето на дата базата исто така му помогна на тимот на РЕЦ со тоа што ги регистрира некои од недостатоците на самата база на податоци кои секако се корегирани со цел поуспешно работење на истата и поефикасно нејзино користење. Самиот процес на внесување на податоците за последните 5 години беше макотрпна работа при која општините поради недостиг на одредени инфромации беа принудени подолго да ги бараат истите. Такви беа случаите со податоците за хектари односно за земјоделие, број на моторни возила, состојба со загадување на воздухот во секоја општина, сеча на шуми итн. Секоја општина директно ги внесува податоците во самата база која во моментот е само за нивно користење, но во иднина таа ќе биде достапна за сите општини. Со помош на тимот на РЕЦ овој процес се ближи кон крајот и општините набрзо ќе имаат пополнето обемен број на податоци за состојбата со животната средина. Таа е корисна алатка како на локално така и национално ниво во однос на идното определување на приоритетните инвестиции во животната средина.

# ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЈИЕ- SECTOR II КРУГ НА ГРАНТОВИ

Продолжувајќи со активностите за известување во врска со напредокот на граѓанските здруженија корисничкi на грантови од SECTOR програмата II круг на национални грантови, овој пат ќе Ве информираме за текот на активностите во периодот јули-август-септември 2008 год. Сите организации според своите планови за работа ги реализираа активностите за кои исто така доставија и детален описен и финансиски извештај. Според временската рамка овој круг на гратови завршува до Мај 2009 г. Некои од позначајните активности на ГЗ беа следниве:

- **Македонско Здружение за заштита при работа - МЗЗПР - “Искористување на сончевата енергија преку инсталирање на соларни колектори во градинката Раде Јовчевски - Корчагин”.** Со овој проект ќе се придонесе кон светскиот тренд за намалување на “неконтролирана” емисија на гасови кои допринесуваат до создавањето на ефектот на стаклена градина, со посебен акцент на јаглерод двооксид. Ова ќе биде сторено преку инсталирање на сончеви колектори на кровот на градинката кои ќе допринесат до намалување на:
- потрошувачката на електрична енергија;
- заштеда на значителни финансиски ресурси од заштеда на потрошената енергија;
- индиректно намалување на потрошувачката на фосилните горива за производство на електрична енергија која најчесто се употребува за добивање на санитарна топла вода, како и
- развивање и надградување на еколошката свест и одговорност кај заедницата.



Сончев колектор на кровот на детска градинка “Раде Јовчевски-Корчагин”- Скопје



Внатрешна инсталација на колекторот

- **Извиднички Одред “Крсте Јон” Струга - Користење на природата за развој на туризмот”.**

Основна цел на проектот е заштита на крајбрежниот појас на Охридското Езеро од узурпација и загадување и негово промовирање во туристичка атракција.

Основни задачи на истиот се:

- Да се поврзат пешачките патеки по крајбрежјето во должина од 10 км;
- Да се промовираат вредностите на крајбрежјето и важноста на појасот на трска за опстанок и заштита на езерото;
- Да се воспостави постојан мониторинг на обласа до мај 2009 година и да се документираат сите узурпации на крајбрежјето;
- Да се добие уреден простор во површина од 10000 метри квадратни.

Во текот на спроведување на активностите на проектот во сите фази во тимот за спроведување на проектот се вклучени по еден претставник од Локалната самоуправа од Струга како и еден претставник од Здружението на екологи “Натура” од Струга. На тој начин се развива партнерство помеѓу Невладиниот сектор и Локалната самоуправа.



Патеката пред почеток на изградбата



Патеката по изградбата

Во досегашното спроведување на проектот беше изградена пешачка патека во должина од околу 200 м, а беше расчистена и узурпирана површина од околу 10000 м$^2$. Беа изработени две дрвени табли за промовирање на важноста на крајбрежниот појас (ќе бидат поставени во почетокот на мај 2009 година).

Лице за контакт:
**Валентина Петрушевска**
*Асистент на проекти*
valentina@rec.org.mk

## КОН ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА

Во изминатиот период проектот што го финансира УНЕП резултираше со План за отстранување на заостанатите количества на оловен бензин што тековно се складираат како стокови резерви во кругот на ОКТА. Планот беше изработен од страна на Работната група која се формираше во текот на проектот. Во работната група членуваат претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Бирото за стандардизација, Здружението на возачи, Машинскиот факултет во Скопје, Автомото сојузот на Македонија и Бирото за стокови резерви при Министерството за финансии. Со овој план се утврдија можните решенија за забрзано трошење на преостанатите стокови резерви со цел прогласување на земјата за исчистена од овој вид на гориво кое причинува загадувања со олово со далекусежни последици врз здравјето на населението а особено на детската популација. Имено, се предложи да се намали цената на ова гориво, за да се мотивираат сопствениците на бензинските пумпи да го набавуваат и продаваат ова гориво, кое после кампањата за отстранување на оловниот бензин во 2004 г. (проект Зајакнување на капацитетите на Министерството за животна средина и просторно планирање) почна да се троши со значително помал обем. Заедно со намалувањето на цената (која што мерка всушност е во спротивност на политиките на заштитата на животната средина) се утврди методот со помош на кој ќе може да се контролира продажбата со цел да се спречи купување на ова гориво од страна на возачи на возила кои поседуваат катализатори (оловниот бензин ги уништува каталоитичките конвертори на современите возила кои се инсталирани со цел намалување на штетните емисии од работата на моторите со внатрешно согорување).
Планот за отстранување на оловниот бензин беше потврден од страна на Меѓународниот експерт, г-динот Џон Куртис. Тој при својот престој во земјата во јули 2008г. имаше можност да се сретне со членовите на работната група и да разговара за можните сценарија за отстранување на оловниот бензин. Исто така беше разговарано за тоа на каков начин може да се подобри постојниот систем за мониторинг на квалитетот на горивата. Беше одлучено дека на неговата следна мисија, која се планира откако ќе се реши проблемот со преостанатите резерви на оловен бензин, ќе се разгледуваат постојните правни акти со цел нивно надградување за да системот за мониторинг стане целосно функционален.

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Проектот што со помош на средствата на Австриската агенција за развој и Министерството за животна средина и просторно планирање го спроведува РЕЦ и има за цел утврдување на приоритетните проекти за финансирање во животната средина е речиси пред завршување. И покрај амбицијата на проектниот тим и на Министерството за животна средина во листата на приоритети да се најдат повеќе проекти за финансирање и со тоа да се апсорбираат повеќе средства за оваа намена, во Стратегијата сепак се утврдени само проектите со поголеми изгледи за успешно спроведување. Критериумот спрема кој се избрани (предложени) проектите за финансирање во голема мерка го вклучува капацитетот на корисникот да ја одржува новата инфраструктура.

Вкупната сума на инвестициониот пакет 2009-2013 г. изнесува 204 милиони Евра; во оваа сума учествуваат сопствени средства од државниот и локалните буџети, средствата од ИПА, билатерални донации и кредити. Проектите што се утврдени се следните:

- Изградба на пречистителна станица во Прилеп;
- Отпочнување со изградба на пречистителна станица во Скопје (Прва фаза);
- Финансирање на водоводни системи;
- Спроведување на три интегрирани системи за управување со комунален отпад;
- Отпочнување на изградба на постројки за постапување со медицинскиот отпад (Прва фаза);
- Отпочнување на изградба на постројки за постапување со опасен отпад (Прва фаза);
- Финансирање на пилот проекти за рециклажа и преработка на отпадот;
- Финансирање на инсталации со цел усогласување со оперативни планови за спречување и контрола на загадувањето;
- Набавка на опрема за комплетирање на системот за мониторинг на квалитетот на воздухот;
- Инвестирање во прогласување и заштита на Национални паркови Јакупица и Јабланица; инвестирање во заштита на природата преку мерки во одрживото земјоделство и еколошки туризам на масивот Осогово.

Стратегијата беше поставена на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање и на РЕЦ за коментари. Исто така Стратегијата се презентираше во неколку наврати пред Единицата за координирање.

Во текот на завршувањето на Стратегијата истата беше дискутирана на повеќе нивоа со различни општествени чинители. Беше особено тешко да се приближи методологијата на изработката на Стратегијата со постојните перцепции на општествените чинители за приоритетните инвестиции во животната средина. Особено тешко се постигнуваше (и конечно не се постигна) разбирањето на комплексноста на проектните циклуси во светло на стандардизираноста на постапката и потребните нивоа на контрола со цел да се надминат дискреционите права на избор на проекти за финансирање.

Друг проблем со кој се соочуваше проектниот тим беше недоволната решителност на министерствата да инвестираат во зајакнување на капацитетот на персоналот што исклучиво би се посветил на одредени фази од проектниот циклус.

Со Стратегијата се воведе терминот Управување со квалитет преку кој се утврди потребата за континуирана помош во подготвувањето и потоа спроведувањето на проекти од страна

на локалната самоуправа. Оваа помош би се обезбедила преку ставање на располагање на обучени тимови на домашни стручни лица со цел изработка, односно обновување (ревидирање) на проектната документација за приоритетните проекти. Но оваа помош исто така би била дадена само на оние општини кои би исполниле претходно поставени барања во текот на спроведувањето на проектите. Овие механизми беа недоволно разбрани, бидејќи идејата е сосема нова и не постојат ресурси за нејзино брзо заживување. За спроведување на овие механизми ќе биде неопходна помош на меѓународната заедница. Овие мерки со Стратегијата се сметаат како клучни за зголемување на апсорпциониот капацитет на општините и другите идни корисници на средства за инвестиции во животната средина.

Во наредниот период ќе се направат повеќе тркалезни маси со цел презентирање на Стратегијата пред приватниот, невладиниот сектор и општините. Исто така ќе се спроведат консултации со сите надлежни министерства со цел вклучување на сите забелешки и овозможување на документот да стане платформа на сите заинтересирани општествени чинители.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
*Раководител на проекти*
ana@rec.org.mk

## ДАТАБАЗА ЗА СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНИТЕ

Проектот е во завршна фаза, така што софтверската апликација е поставена на веб страницата на Минитерството за животна средина и просторно планирање. Апликацијата е достапна на 6 општини (Чашка, Босилово, Валандово, Зелениково, Дебар и Пробиштип кои се вклучени во проектот поддржан од Сида за изработка на локален акционен план за животна средина (ЛЕАП). Со помош на Датабазата општините можат да внесуваат измерени податоци за квалитетот на поединечни медиуми во животната средина, но исто така можат да прават проценки бидејќи софтверот има вградено алатки за автоматско пресметување на определени емисии врз основа на одредени индикатори (број на вработени, број на жители, капацитет на производство, потрошувачка на гориво итн.). Со Датабазата е можно да се прават извештаи, да се добиваат трендови, да се пребаруваат податоци за определени параметри и да се врши споредба помеѓу општини. Апликацијата исто така овозможува да се носат одредени заклучоци за тоа која мерка е погодна за решавање на определен проблем / негативно влијание врз животната средина.

Во изминатиот период се изврши обука на шесте општини со цел обучените лица да ги внесуваат расположливите податоци и да вршат анализи за потребите на изработката на Локалните акциони планови за на животна средина. Таа се спроведе во Скопје, во просториите на Пионерскиот дом во Карпош, а обучувачи беа стручните лица од Форнет - фирмата што преку јавна набавка беше избрана за изработка на апликацијата. На обуката беа утврдени можности за подобрување на аплкацијата, која што беше соодветно прилагодена согласно сугестиите на претставниците на општината.

Во наредниот период се планира Датабазата да се предаде на Министерството за животна средина, на начин што ќе се назначи лице што ќе ја одржува истата и ќе комуницира со општините со цел нејзино користење. Исто така се планира да се направи поширока промоција на Датабазата со цел нејзино прифаќање од страна на општините.

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА
НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

телефон: (02) 3090 135
(02) 3090 136
факс: (02) 3088 193

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*

______________________

______________________

□□□□ ______________________

______________________